Во сите пет варијанти општина Пустец не се укинува и останува посебна општина. Додека општините Стеблево, Требиште, и Големо Острени во Голо Брдо и општините Шиштавец и Запод во Гора во сите пет варијанти се припојуваат со повеќе општини. Во наредните 2 месеци следува јавна дебата за овие предлози и на крајот од јули парламентот ќе гласа за новата територијална реформа. Општина Пустец го задржува тој статус. Но, таа среќа ја немаат општините во областите Гора и Голо Брдо населени главно со Македонци. Со сите пет варијанти кои се предлагаат од министерот за локална работи, се предлага припојување кон други општини. Македонско друштво “Илинден”-Тирана им прдлага на владата на Репблика Албанија и министерот за локална работи општините во Гора и Голо Брдо да останат како посебни или да се организира по една општина за секоја област. За Македонското национално малциство во Албанија е чекор назад за почитувањето на правата на македонците припојувањето на општините во Голо Брдо и Гора. Македонско друштво “Илинден”-Тирана и Македонско друштво “Илинден” -Тирана Огранок Голо Брдо има надеж дека владата на Република Албанија и премиерот г-дин Еди Рама, нема да дозволи да се укинат општините во Голо Брдо и Гора.

**Македонско друштво “Илинден”-Тирана**

**Македонско друштво “Илинден”-Тирана Огранок Голо Брдо**

**www.ilinden-tirana.com**